errc
european roma rights centre

# КЗСД НАЈДЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА КОН РОМИТЕ КОИ ПОРАДИ ТОА ШТО ЖИВЕАТ ВО НЕЛЕГАЛНИ НАСЕЛБИ НЕМААТ ПРИСТАПАТ ДО ЛИЧНА КАРТА КАКО ВО СЛУЧАЈОТ НА ТРАГИЧНО ПОЧИНАТИОТ МЕМЕТ КАМБЕР



Photo: Tomas Giorgiev

**Брисел/Скопје, 18 септември 2023 год.:** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КЗСД) донесе мислење со препорака до Министерството за внатрешни работи (МВР) за измена и дополнување на Законот за пријавување живеалиште и престојувалиште којштo им оневозможува на Ромите кои живеат во сегрегирани, нелегални населби да извадат лична карта во Република Северна Македонија. Комисијата утврди индиректна дискриминација од страна на МВР кон Ромите кои живеат во импровизирани живеалишта или не легализирани објекти и населби преку Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето. Ваквото мислење го вклучува и случајот на смрт на 20-годишниот Ром, Мемет Камбер, кој почина на 24ти мај годинава од дијабетична кетоацидоза како резултат на неможноста да добие навремена здравствена нега поради непоседување лична карта. Претставката беше поднесена од страна на Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) од Брисел.

Сенада Сали, правен директор во ЕЦПР, го поздрави мислењето на Комисијата и изјави *„Владите треба да развијат законски решенија кои ќе гарантираат дека Ромите кои живеат во импровизирани живеалишта и нелегални населби имаат еднаков пристап до остварување на*

*нивните права исто како и останатите граѓани. Често, неформалните населби населени од Роми не се правно регулирани, што доведува до недостиг на основни јавни услуги за жителите. Владите треба да преземат проактивни чекори за формално признавање и регулирање на ваквите населби, со што ромските заедници ќе ги добијат своите законски права врз домовите во кои живеат и земјиштето. Трагичната приказна на Мемет Камбер беше катализатор на промена, а исходот на овој предмет претставува важен исчекор во тековната борба за еднаквост и правда за ромската заедница во Северна Македонија. Овој случај покажува дека пристапот до документи за лична идентификација не е само бирократска формалност, туку суштински аспект на достоинството и правата на поединецот“.*

На 13 јуни 2023 год., ЕЦПР поднесе предлог до Владата и Собранието на Република Северна Македонија за формирање владина работна група која ќе работи на потребните измени и дополнувања на законите што им оневозможуваат на ромските заедници кои живеат во импровизирани домови и нелегални населби да извадат лична карта. ЕЦПР смета дека Законот за личната карта и Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето ги дискриминираат Ромите кои немаат регистрирана адреса, како и сите лица кои не поседуваат или не закупуваат имот. Исто така, организацијата поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во која се аргументира дека ваквата ситуација претставува дискриминација на Ромите врз основа на имотна состојба и етничка припадност. На 29 август 2023 година, Комисијата донесе мислење со кое на МВР му дава рок од три месеци да ги иницира потребните законски измени. Доколку МВР не постапи согласно ова мислење, Комисијата ќе започне прекршочна постапка по службена должност (од јавен интерес, без нова претставка).

Одлуката на ЕЦПР за поднесување ваква претставка беше инспирирана од трагичната смрт на 20-годишниот Мемет Камбер, на Скопската Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) на 24 мај 2023 год. Мемет имал нелекувана хипергликемија која предизвикала животозагрозувачка кетоацидоза и, на крај, довела до смрт. Неговата посета на КАРИЛ била прва и последна во неговиот живот. Иако работел и имал дом, Мемет живеел во нелегализиран објект, што значи дека не можел да ја докаже адресата на живеалиште и поради тоа не можел да извади лична карта. Без лична карта немал пристап до здравствена нега освен итна медицинска помош а подоцна не можел да биде погребан од истата причина.

Се надеваме дека законските измените и дополнувањата ќе значат помалку смртни случаи помеѓу Ромите кои живеат во импровизирани живеалишта како Мемет Камбер.

Мислењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е достапно на овој линк (на македонски јазик).

Ова соопштение за печатот е достапно и на англиски јазик.

За повеќе информации или да закажете интервју, контактирајте ги:

Џонатан Ли (на англиски јазик)
Директор за застапување и комуникации
Европски центар за правата на Ромите
jonathan.lee@errc.org
+32 49 288 7679

Сенада Сали
Правен директор
Европски центар за правата на Ромите
senada.sali@errc.org
+389 74 240 274